СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# КОРИСТЕЊЕ ЕЛЕКТРОНСКО ГЛАСАЊЕ ВО ПАРЛАМЕНТИТЕ НА ЕУ ВО УСЛОВИ НА ГЛОБАЛНА ПАНДЕМИЈА ПРЕДИЗВИКАНА ОД КОРОНА-ВИРУСОТ

**-кратка информација-**

Фросина Дониновска Сусинов
Советник – истражувач и аналитичар по современи политички системи

мај 2020 година

# СОДРЖИНА

РЕЗИМЕ ........ 2
ВОВЕД ........ 3
I Гласање во националните парламенти на земјите членки на ЕУ ........ 4
I.1 Кралството Шпанија ........ 4
I.2 Република Италија ........ 5
I.3 Република Германија ........ 6
I.4 Република Романија ........ 7
I.5 Република Полска ........ 8
I.6 Република Франција ........ 9
ЛИСТА НА ИЗВОРИ ........ 11

**РЕЗИМЕ**

Националните парламенти во земјите членки на ЕУ усвоиле најразлични пристапи за решавање на предизвикот поврзан со организацијата на парламентите и обезбедување непречено вршење на пратеничката функција, кое беше отежнато како резултат на пандемијата со Коронавирусот.

Пристапот во начинот на организирање на парламентарната функција варира од земја до земја. Така, на пример, и двата дома на **Парламент на Шпанија** (Сенатот и Конгресот), овозможиле непречено вршење на пратеничката функција преку т.н. гласање од далечина преку употреба на електронски средства за пленарните сесии одржани за време на кризата предизвикана од корона-вирусот.

**Парламентот на Италија** води дебата за организирање на работата на пратениците преку нивно сместување во различни згради со цел да се обезбеди потребното ниво на социјално дистанцирање.

**Германскиот Бундестаг** преземал мерки согласно со кои ќе се намали потребниот праг за гласање во парламентот, од потребната половина од вкупниот број на пратеници за донесување на законско обврзувачки решенија на четвртина од пратениците на Бундестагот. Присуството на четвртина од сите членови ќе го задоволи ова барање, по новиот став 126 а, што ќе се додаде во Деловникот за работа на Буднестагот.

**Парламентот на Романија** согласно измената на внатрешните правила за парламентарна работа донел одлука за одвивање на парламентарната работа преку целосна употреба на електронски средства во исклучителни околности (епидемии, природни непогоди, земјотреси или терористички настани),кои спречуваат пратениците да бидат физички присутни во парламентот.

**Полскиот Сејм** донел одлука дека за време на епидемија само ограничен број пратеници од секоја група ќе бидат физички присутни во Сејмот, сите други ќе можат да учествуваат преку технологијата, преку видео-врска што ќе обезбеди верификација на идентитетот на секој член. Гласањето, исто така, ќе се одржи по електронски пат, по дополнителна проверка на идентитетот.

**Парламентот на Франција** (двата дома, Сенатот и Конгресот), со цел да се прилагоди на кризата ковид-19, имплементирал специфични методи на работа. Ваквите методи вклучуваат: суспендирање на сите тековни активности, освен донесување закони за итни случаи и прашања до владата; намален формат за седници, ограничен на три лица по политичка група, претседател плус двајца пратеници и сл.

## ВОВЕД

**Предмет** на оваа истражувачка работа е електронското гласање во парламентите на земјите членки на ЕУ во услови на глобалната пандемија предизвикана од корона-вирусот и начинот на кој што истото се одвива во парламентите кои што го користат.

**Целта** на оваа истражувачка работа е да даде одговор на прашањето кои од парламентите на земјите членки на ЕУ го користат електронското гласање во новосоздадените услови како резултат на пандемијата со корона-вирусот.

Е-гласањето вклучува употреба на електронски средства. Воведувањето на електронското гласање е предизвик само по себе затоа што подразбира употреба на електроника и се потпира на интернет-врска, па поради тоа претставува процес кој зависи од многу фактори.

Препораката на Советот на Европа за правните, оперативните и техничките стандарди за електронско гласање *Rec* (2004)11[1] беше усвоена од Комитетот на министрите во 2004 година. Одреден дел од земјите на ЕУ го користат електронското гласање, додека постојат и такви кои што и покрај спроведените пилот проекти за електронско гласање во парламентот, одлучиле да не воведат електронско гласање во своите парламенти.

Пандемијата на корона-вирусот е придружена со огромен спектар на јавни мерки со цел да се заштитат и ублажат последиците од вирусот. Овие мерки претставуваат значаен предизвик за парламентите ширум светот, бидејќи нивното функционирање се заснова на принципите на плурализам, транспарентност, отчетност и делиберативност.

Овде со поставува прашањето: *Како законодавниот процес да продолжи да се одвива нормално доколку повеќето од пратениците не се во можност да присуствуваат на седниците, како резултат на ограничувањата на слободата на движење и забраните за јавни собири во буквално сите земји членки?*

Националните парламенти во ЕУ усвоиле најразлични пристапи за решавање на овој предизвик. Некои се одлучиле за целосен дигитален пристап, користејќи ја напредната технологија за да обезбедат сите членови да учествуваат во парламентарната работа, вклучително и гласањето. Други се одлучиле да донесат мерки за социјално дистанцирање, дозволувајќи им на пратениците да продолжат со своите парламентарни активности од различни простории на парламентот или од друга локација во целост.

Европскиот парламент дозволил привремено електронско гласање на сите пратеници, како резултат на пандемијата со ковид-19. Првата пленарна седница се одржала на 26 март 2020 година. Според спикерот на Европскиот

[1] Recommendation (2004)11 adopted by the Committee of Ministers of the Council of Europe on 30 September 2004.https://www.coe.int/t/dgap/goodgovernance/Activities/KeyTexts/Recommendations/00Rec(2004)11_rec_adopted_en.asp(пристапено на 13.5.2020).

парламент, Хауме Дух Гуилот (Jaume Duch Guillot), ваквата процедура на гласање ќе биде на сила сè до 31 јули 2020[2].

Со цел заштита на здравјето на пратениците, била донесена одлука за алтернативни начини на гласање која ќе овозможи таканаречено гласање на далечина односно електронско гласање во согласност со одредбите за Изборниот акт и Статутот на Парламентот[3].

Ваквата одлука овозможува гласањето да се спроведе преку алтернативни начини за гласање. Пратениците добиваат гласачки лист по електронска пошта, којшто треба да го пополнат, односно одговорат со заокружување да или не, притоа ставајќи го нивните потписи, потоа истиот го враќаат скениран или фотографиран од нивната официјална адреса на е-пошта на Европскиот парламент[4]. Претседателот, со помош на Секретаријатот на Парламентот го утврдува резултатот од гласањето, кој се запишува во записникот којшто се објавува.

Во понатамошниот текст е опишан начинот на кој пратениците на дел од земјите членки на ЕУ ја извршуваат својата работа, вклучително и процесот на гласање во услови на глобална пандемија предизвикана од корона-вирусот.

Оваа анализа е изработена на сопствена иницијатива на Парламентарниот институт.

# I Гласање во националните парламенти на земјите членки на ЕУ

## I.1 Кралството Шпанија

Гласањето од далечина, односно електронското гласање е можно во двата дома на шпанскиот парламент, (член 82 од постојаните одредби) на Конгресот, изменет во 2011 година и член 92 од постојаните одредби на Сенатот, изменет во 2013 година)[5]. Во двата дома, далечинското гласање е дозволено само во одредени околности, имено бременост, породилно отсуство и сериозно заболување и само доколку членот не може да ги оствари своите парламентарни функции и Бирото смета дека е доволно оправдано. Гласањето на далечина е дозволено само за пленарни сесии (не за комисии) и само кога може однапред да се знае датумот на гласањето.

Шпанскиот парламент (Сенатот и Конгресот) ги искористи одредбите за да им овозможи на своите пратеници и сенатори, да гласаат од далечина преку употреба на електронски средства на пленарните сесии одржани за време на кризата со корона-вирусот.

---

[2] Micaela Del Monte. *Remote voting in the European Parliament and national parliaments*.European Parliamentary Research Service. 25 March, 2020.https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/ATAG/2020/649348/EPRS_ATA(2020)649348_EN.pdf(пристапено на 13.5.2020).

[3] *Статут за членовите на Европскиот парламент.*Одлука на Европскиот Парламент. https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32005Q0684&from=EN(пристапено на 13.5.2020).

[4] *Како Парламенто работи во услови на пандемија.*European Parliament. https://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/eu-affairs/20200408STO76807/how-parliament-works-during-a-pandemic.(пристапено на 13.5.2020).

[5] *Постојани одредби на Сенатот на Кралството Шпанија*, Сенат на Кралството Шпанија, член 83 и 92, 2013.http://www.senado.es/web/conocersenado/normas/reglamentootrasnormassenado/index.html?lang=en(пристапено на 13.5.2020).



Овозможено во двата дома на Парламентот на Шпанија (Член 82 од постојаните одредби на Конгресот и член 92 од постојаните одредби на Сенатот)




Дозволено само во одредени околности (бременост, породилно отсуство и сериозно заболување и само доколку членот не може да ги оствари своите парламентарни функции )



Сенатот и Конгресот им дозволиле на своите членови на пленарните сесии да гласаат од далечина преку употреба на електронски средства

## I.2 Република Италија

Во Парламентот на Република Италија се води дискусија за тоа како да им се овозможи на пратениците да го дадат својот глас надвор од просториите на Парламентот. Гласањето на далечина покренува прашања за усогласеноста со Уставот на Италија, особено членот 64[6]. Деловникот за работа на Парламентот и на Сенатот идентификува неколку начини на гласање, иако сите тие освен електронското гласање бараат присуство на членови во Парламентот[7]. Иако деловниците на двата дома експлицитно не забрануваат гласање на далечина,се верува дека измените ќе бидат неопходни доколку истото биде воведено. Друга идеја е да се одржи гласање во смени или членовите на парламентот да се сместат во различни згради со цел да се обезбеди социјално дистанцирање. Подготвен е законодавен предлог за формирање на заедничка комисија која ги претставува и двата дома, со цел да се донесат мерки во името на целиот парламент.

[6] *Устав на Република Италија, член 64*. Сенат на Републиката. https://www.senato.it/documenti/repository/istituzione/costituzione_inglese.pdf (пристапено на 13.5.2020).
[7] *Деловник на Сенатот на Република Италија*. Сенат на Републиката. https://www.senato.it/3807(пристапено на 13.5.2020).



Деловниците за работа на двата дома во Италија забрануваат гласање на далечина.

Гласањето на далечина не е во согласност со членот 64 од италијанскиот Устав.



Гласањето во Собранието и во Сенатот бара присуство на пратениците.



Алтернативи: гласање во смени или сместување на пратениците во различни згради

## I.3 Република Германија

Во германскиот Бундестаг иако гласањето се одвива по пат на рутинско снимање и електронска верификација, сепак постапката не е дизајнирана за да им овозможи на пратениците да гласаат од далечина. Откако биле земени во предвид сите можности, вклучително и „минипленар“ по примерот на Баварија, политичките партии се согласиле дека иако според член 45 од Деловникот за работа на Бундестагот[8] се бара присуство на половина од членовите со цел да донесе законски обврзувачки решенија, согласно новонастанатата ситуација, овој праг ќе се намали значително. Присуството на четвртина од сите членови ќе го задоволи ова барање, по новиот став 126 а што ќе се додаде во Деловникот за работа на Буднестагот[9]. Сепак, овој став може да биде отповикан во секое време и ќе стане неважечки најдоцна до 30 септември 2020 година. Новата постапка се заснова на консензус меѓу политичките партии.

[8] *Деловник за работа на Бундестагот,* Бундестаг на Република Германија, член 45. https://www.btg-bestellservice.de/pdf/80060000.pdf (пристапено на 13.5.2020).
[9] Ibid.



Постапката за гласање во Бундестагот не е дизајнирана за да им овозможи на пратениците да гласаат на далечина.



Член 45 од Деловникот за работа на Бундестагот, се бара присуство на половина од пратениците со цел да се донесат законско обврзувачки решенија.



Новиот став 126 а, што ќе биде додаден во Деловникот, ќе овозможи вавите решенија да се донесуваат со присуство на четвртина од вкупниот број на пратеници.



Ваквиот став може да биде отповикан во секое време, а ќе стане неважечки на 30 септември 2020.

## I.4 Република Романија

На 14 март Парламентот на Република Романија донесе одлука за изменување и дополнување на внатрешните правила за парламентарната работа да се спроведува „преку електронски средства“ во исклучителни околности (како на пример епидемии, природни непогоди, земјотреси или терористички настани) кои спречуваат пратениците да бидат физички присутни во Парламентот[10]. Постојаното биро на двата дома (Домот на пратениците и Сенатот) ќе одлучи до кога ќе важат вакви исклучителни околности, по консултација со лидерите на парламентарните групи. На 18 март, Парламентот започнал со употреба на нова онлајн-алатка која овозможува далечинско гласање.

[10]María Díaz Crego and Rafał Mańko. *Parliaments in emergency mode: How Member States' parliaments are continuing with business during the pandemic.* Member's research service. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2020/649396/EPRS_BRI(2020)649396_EN.pdf (пристапено на 13.5.2020).



Донесена одлука за изменување и надополнување на внатрешните правила. Парламентарната работа да се изведува исклучиво преку електронски средства во исклучителни околности.



На 18 март Парламентот на Романија започнал со употреба на нова онлајн-алатка која овозможува гласање на далечина.



Постојаното биро на двата дома (Домот на пратениците и Сенатот) ќе одлучи кога ќе важат вакви исклучителни околности, по консултација со лидерите на парламентарните групи

## I.5 Република Полска

На 24 март, претседателот на полскиот Сејм објавил дека Претседателството на Сејмот усвоило резолуција за промена на начинот на постапување и прилагодување на истите во време на ризик од епидемија, или вонредни состојби предвидени во Уставот. За време на епидемија, само ограничен број пратеници од секоја група ќе бидат физички присутни во Сејмот, сите други ќе можат да учествуваат преку технологијата видео-врска што ќе обезбеди верификација на идентитетот на секој член[11]. Гласањето, исто така, ќе се одржи по електронски пат и на далечина, по дополнителна проверка на идентитетот. Се очекува пленарниот состав да се собере според овие нови правила во брз временски рок и да го прилагоди Деловникот со ретроактивно дејство. Новите правила, исто така, ќе овозможат комитетите и поткомитетите да се состанат преку видео-врска. Спикерот на полскиот Сејм (Собрание) истакна дека новите правила не забрануваат физичко присуство на пратениците, но се надева дека сите политички партии ќе решат, на доброволна основа, да го ограничат физичкото присуство. Сенатот (другиот дом на полскиот парламент) сè уште нема воведено измена во неговиот деловник.

[11] *Country compilation of parliamentary responses to the pandemic*.Inter Parliamentary Union. https://www.ipu.org/country-compilation-parliamentary-responses-pandemic(пристапено на 13.5.2020).



Претседателството на Сејмот усвоило резолуција за промена на начинот на постапување во услови на ризик од епидемија или вонредни состојби предвидени со Уставот.



За време на епидемија, само ограничен број на пратеници ќе бидат физички присутни во Парламентот, останатите ќе можат да учествуваат преку технологијата видео-врска.



Гласањето, исто така, ќе се одвива преку електронски пат по дополнителна проверка на идентитетот.

## I.6 Република Франција

Во Франција, Деловникот за работа на двата дома, Националното собрание и Сенатот, пропишува  физичко присуство на членовите со цел да гласаат, а не постојат одредби за гласање на далечина[12]. И двата дома им овозможуваат на нивните членови да гласаат преку полномошник во специфични околности (вклучително и виша сила). Во Националното собрание, пратеник може да ополномошти друг пратеник да гласа во негово име само во „нормални времиња“.[13] Сепак, со цел да се прилагоди на кризата ковид-19, Националното собрание се согласило за специфични методи на работа[14]. Ваквите методи вклучуваат: суспендирање на сите тековни активности, освен донесување закони за итни случаи и прашања до владата; намален формат за седници, ограничен на три лица по политичка група, претседател плус двајца пратеници; и проширената делегација на гласање (можност за цела група да делегира гласови на еден член на групата). На 22 март, двата дома се согласиле за законот за прогласување на вонредна состојба како резултат на состојбата со ковид-19 во период од два месеци, со специфични одредби за парламентарна контрола.

[12]*Деловник за работа на Сенатот на република Франција*. Сенат на Република Франција. https://www.senat.fr/lng/en/reglement_anglais/reglement_anglais10.html(пристапено на 13.5.2020).
[13]Ibid.
[14]María Díaz Crego and Rafał Mańko. *Parliaments in emergency mode: How Member States' parliaments are continuing with business during the pandemic.* Member's research service. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2020/649396/EPRS_BRI(2020)649396_EN.pdf(пристапено на 13.5.2020).



Деловниците за работа на двата дома во Франција пропишуваат физичко присуство на членовите.

не постојат одредби за гласање на далечина.



И двата дома овозможуваат гласањето на пратеник преку ополномоштено лице во специфични околности, вклучувајќи и виша сила.




Воведени специфични методи на работа: намален формат за седници ограничен на три лица по политичка група, суспендирање на сите тековни активности освен донесување на итни закони и прашања до владата.

*„Демократијата не треба да биде запрена од вирусот. Ни требаат демократски процеси за да ни помогнат да ја надминеме оваа вонредна состојба“. Дејвид Сасоли, Претседател на Европскиот парламент.*

Изработила: Фросина Дониновска Сусинов

Одобрила: Ева Јованова

Согласна: Фани Коровешовска

Раководител на Парламентарен институт

Златко Атанасов

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. *Country compilation of parliamentary responses to the pandemic.*Inter Parliamentary Union. https://www.ipu.org/country-compilation-parliamentary-responses-pandemic
2. María Díaz Crego and Rafał Mańko. *Parliaments in emergency mode: How Member States' parliaments are continuing with business during the pandemic.* Member's research service. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/BRIE/2020/649396/EPRS_BRI(2020)649396_EN.pdf
3. Micaela Del Monte. Remote voting in the European Parliament and national parliaments. European Parliamentary Research Service. 25 March, 2020. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/ATAG/2020/649348/EPRS_ATA(2020)649348_EN.pdf
4. Recommendation (2004)11 adopted by the Committee of Ministers of the Council of Europe on 30 September 2004.https://www.coe.int/t/dgap/goodgovernance/Activities/KeyTexts/Recommendations/00Rec(2004)11_rec_adopted_en.asp
5. Деловник за работа на Бундестагот, Бундестаг на Република Германија, член 45. https://www.btg-bestellservice.de/pdf/80060000.pdf
6. Деловник за работа на Сенатот на Република Франција. Сенат на Република Франција. https://www.senat.fr/lng/en/reglement_anglais/reglement_anglais10.html
7. Деловник на Сенатот на Република Италија. Сенат на Републиката. https://www.senato.it/3807
8. Како парламентот работи во услови на пандемија. Европски парламент. https://www.europarl.europa.eu/news/en/headlines/eu-affairs/20200408STO76807/how-parliament-works-during-a-pandemic.
9. Постојани одредби на Сенатот. Сенат на Кралството Шпанија, член 83 и 92, 2013.http://www.senado.es/web/conocersenado/normas/reglamentootrasnormassenado/index.html?lang=en
10. Статут на членките на Европскиот парламент. Одлука на Европскиот парламент.https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/PDF/?uri=CELEX:32005Q0684&from=EN
11. Устав на Република Италија, член 64. Сенат на Републиката. https://www.senato.it/documenti/repository/istituzione/costituzione_inglese.pdf


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-тематски преглед 5
-хронолошки преглед 5
-статистички/квантитативен преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070 409-544
070 320-341
070 320-349
070 320-348